Дијана

Република Северна Македонија
Министерство за спорт
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Sportit

Бр. 11 2227/2
16-09-2025 .2025 год

**До: Кристијан Трајчов**

Предмет: Одговор на барање

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, а по овластување на Министерот за спорт, согласно Решение број 03-2613/1 од 20.11.2024 година, постапувајќи по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од Кристијан Трајчов од Радовиш, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 15.09.2025 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер** од Кристијан Трајчов бр. 11-2227/1 од 26.08.2025 година, доставено до Министерство за спорт како имател на информациите СЕ УСВОЈУВА.

### Образложение

До Министерството за спорт на ден 26.08.2025 доставено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Кристијан Трајчов од Радовиш, во кое се бараат повеќе информации, кои се однесуваат на капитални инвестиции во спортот.
Во прилог ви доставуваме одговор по сите точки на вашето барање.

1. Од петте базени на кои Министерството за спорт ја продолжи изградбата што беше закочена од поранешната Агенција за млади и спорт, во употреба е пуштен базенот во ООУ „Невена Георгиева Дуња" во општина Кисела Вода, а изградбата на останатите четири базени е во завршна фаза и тие наскоро ќе бидат пуштени во употреба.

2. Откако Министерството за спорт го презеде овој проект за изградба/доградба на петте базени почнати пред пет години, еднаш е продолжен рокот за изградба, без покачување на вкупниот износ на договорот.

3. Поради технички причини кај некои од објектите со комунални приклучоци за струја и вода за кои се задолжени општините, крајниот рок за пуштање во употреба на овие четири базени е 31.12.2025 година.

4. Базенот во Штип е готов, се очекува општината да го заврши партерното уредување.

5. Утврдувањето на законитоста на анекс-договорите потпишани од претходно е во процедура и истите се предмет на ревизијата и вештачење.

6. Законот за јавни набавки дава можност за продолжување на роковите.

7. Министерството за спорт согласно законските прописи, не дозволува изведувачите да ангажираат подизведувач со повеќе од 30% од вредноста на договорот.

8. Доколку се утврди дека договорот е противзаконски, Министерството за спорт ќе го раскине и ќе постапи според законските одредби.

9. Министерството за спорт против сите изведувачи и подизведувачи поднесува пријави доколку се утврди прекршување на Законот за јавни набавки.

10. На компаниите кои ги прекршиле законските услови нема да им бидат исплатени средства.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министерство за спорт
бр.11-2227/2
15.09.2025 година
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Дијана Софтовска

**Министер**
**Борко Ристовски**

Министерство за спорт - Ministria e sportit - Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut - Скопје - Shkup

**Доставено до:**
- Барател на информацијата
- Сектор
- Архива